# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

# НА ООУ „КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ“

## Скопје - општина Кисела Вода

## за период од 2023 до 2025 година

**ИЗВЕШТАЈ**
**Од самоевалуација на ООУ„ Кирил Пејчиновиќ“, Кисела Вода, Скопје**
**за период 2023-2025**

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ |
| **адреса, општина, место** | ул. „Пушкинова“ бр. 17, Кисела Вода, Скопје |
| **Телефон** | (02) 2776643 |
| **фах** | (02) 2776643 |
| **е-маил** | kirilpejcinovicsk@yahoo.com<br>kirilpejcinovicsk@gmail.com<br>веб: https://www.kirilpejcinovic.edu.mk |
| **основано од** | 1944 |
| **Верификација- број на актот** | 15-1990/1 |
| **Година на верификација** | 03.12.1985 од Општински комитет на образование, култура и физичка култура на Собранието на Општина Кисела Вода |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски |
| **Година на изградба** | 1972 |
| **Тип на градба** | Цврста градба |
| **Површена на објектот** | 4843 $m^2$ |
| **Површина на училшниот двор** | 2675 $m^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 990 $m^2$ |

Врз основа на член 129 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ 161/19 година) Општинското основно училиште „Кирил Пејчиновиќ“, Кисела Вода, Скопје изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023-2025 година.

За таа цел, Директорот ја формираше комисијата за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

**Директор: доц. д-р Горанчо Јакимов**
**Раководители на тимот:**
**Жаклина Стојановска (педагог)**
**Весна Бошковска (одделенски наставник)**
**Велика Миленковска (дефектолог)**
**Марина Атанасовска (одделески наставник)**
**Марина Н.Ристовска ( предметен наствник) техничка подршка**
**Катерина Илиевска Силјановска (член од Совет на родители)**

Самоевалуацијата беше спроведена во период од 2023 до 2025 година. За нејзино успешно спроведување, комисијата обезбеди активно учество од наставен кадар што беа формирани четири тима за четирите клучни подрачја.

| **I група** | **Планирање, настава и учење** |
|---|---|
| **Одговорен наставник** | **Анета Буковалова** |
| 1. | Марина Анастасиевска |
| 2. | Катерина Манев |
| 3. | Катерина Кузмановска |
| 4. | Мирјана Велковска |
| 5. | Даница Настевска |
| 6. | Надица Поповска |
| 7. | Донка Дерковска |
| 8. | Јасмина Јарукова Радулова |
| 9. | Борислав Стојанов |
| 10. | Дафина Георгиевска |
| 11. | Лидија Блажевска |
| 12. | Александра Ѓуровска |
| 13. | Ирена Стефанова |

| | |
|---|---|
| 14. | Сашка Младеновска |
| 15. | Викторија Несторовска |
| 16. | Катерина Т.Ѓуровска |
| **II група** | **Постигања на учениците** |
| **Одговорен наставник** | **Билјана Мицковска** |
| 1. | Викторија Г.Младеновска |
| 2. | Марина Н. Ристова |
| 3. | Сашо Јовановски |
| 4. | Соња Богатиновска |
| 5. | Сузана Спирковска |
| 6. | Павлинка Мијалова |
| 7. | Ирена Шехтанска |
| 8. | Даниел Божиновски |
| 9. | Еленора Лазаров |
| 10. | Ирена Рикаловска |
| 11. | Мимоза Митиќ |
| 12. | Велика Миленковска |
| **III група** | **Училишна клима и односи во училиштето** |
| **Одговорен наставник** | **Елена Бендовска** |
| 1. | Гордана Стојковска |
| 2. | Драгица Неделковска |
| 3. | Александра Б. Спасовска |
| 4. | Бетка Спасовска |
| 5. | Анета Киркова |
| 6. | Васа Трајчевска |
| 7. | Илинка Димовска |
| 8. | Даниела Јовановска |
| 9. | Даниела Долевска |
| 10. | Ивана Велевска |
| 11. | Маја Арсовска |
| 12. | Емилија Стефановска |
| 13. | Снежана Цоневска |
| 14. | Анета Велковска |
| 15. | Валентина Кенкова |

| | |
|---|---|
| 16. | Лидија Илиоска |
| **IV група** | **Раководење, управување и креирање на политики** |
| **Одговорен наставник** | **Наташа Лосковска** |
| 1. | Ирена Наумовска |
| 2. | Емилија Наумовски |
| 3. | Антониета Ѓорѓиевска |
| 4. | Зоран Костадинов |
| 5. | Николче Зиков |
| 6. | Елена Трајковска |
| 7. | Маја Михаиловска |
| 8. | Марко Јачев |
| 9. | Лилјана Николиќ |
| 10. | Лидија Христова |

За секое подрачје беа формирани тимови. Секој од тимовите изврши проверка на потребната документација, за секој индикатор одделно. Беа спроведени анкети со учениците (174 ученици), со наставниците (49 наставници) и со родителите (176 родители).

Исто така беше направено интервју со Директорот на училиштето и стручните соработници. Сите податоци беа анализирани и врз основа на тоа комисијата го изготви извештајот за Самоевалуација. За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и Ревидираните индикатори за квалитет на работа на училиштето изготвени од ДПИ и МЦГО.

Тимовите спроведоа анкети, интервју, извршија увид во потребната документација и изворите врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни, даде предлиг на приоритети, врз основа на кои ќе се темели изготвувањето на Развојната програма на училиштето.

За завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седница на Наставничкиот совет одржана на 26.08.2025 година педагогот ги образложи резултатите од сите подрачја, силните и слабите страни на секое подрачје, како и предложените приоритети.

Цели на самоевалуацијата се:

- Да се обезбеди увид во објективната состојба и постојано унапредување на училиштето, низ перспектива на наставниците, учениците и родителите;

- Да се поттикне самоевалуација кај учениците како и кај наставниците и сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес;
- Овозможување на правилен начин да се согледаат и развијат оние способности кои му помагаат на поединецит или групата при планирањето на сопствените активности, што морам да сторам за својот успе;
- На локалната заедница, директорот и училишниот одбор им овозможува да ја проверат секоја ефикасност за обезбедување на оптимални услови за развој на секој ученик, наставник;
- Постојан процес на анализа, корекција и планирање на наставниот процес или постојана рефлексија на сопствената работа;
- Подигање на нивото на самостојност и одговорност за сопствениот развој;
- Подигнување на нивото на компетенции и стручност на вработените;
- На локалната заедница и пошироко да и се претставиме со сите наши квалитети во работењето но и да преземеме одговорност за она што треба да се промени;
- Детектирање на слабите страни со кои се соочува училиштето и поставување на приоритетни цели за нивно надминување.

## ПОДРАЧЈЕ 1 *Наставни планови и програми*

| **ПОДРАЧЈЕ 1** | **Наставни планови и програми** |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | **Анета Буковалова**<br>Марина Анастасиевска, Катерина Манев, Катерина Кузмановска, Мирјана Велковска, Даница Настевска, Надица Поповска, Донка Дерковска, Јасмина Ј. Радулова, Борислав Стојанов, Дафина Георгиевска, Лидија Блажевска, Александра Ѓуровска, Ирена Стефанова, Сашка Младеновска, Викторија Несторовска, Катерина Т. Ѓуровска |

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|

| |
|---|
| 1.1 Планирање на наставниците<br>1.2 Наставен процес<br>1.3 Искуства на учениците од учењето<br>1.4 Оценувањето како дел од наставата<br>1.5 Воннаставни активности и натпревари |

| Бр. | Оддели во рамките на подрачјето | Теми: |
|---|---|---|
| **1.1** | **Планирање на наставниците** | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и на информации при планирањето |
| **1.2** | **Наставен процес** | • Реализација на наставни планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>• Реализација на образовна инклузија<br>• Активности за меѓуетничка интеграција во образованиетоl |
| **1.3** | **Искуства на учениците од учењето** | • Средина и атмосфера за учење<br>• Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците |
| **1.4** | **Оценувањето како дел од наставата** | • Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>• Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **1.5** | **Воннаставни активности и натпревари** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Натпревари |



**Подрачје 1: Наставни планови и програми**

| |
|---|
| **Опис/ резиме на подрачјето**<br><br>**-**На почетокот на секоја учебна година, наставниците изготвуваат годишни, глобални и тематски планирања за задолжителните и изборните предмети, како и за додатната и дополнителната настава, во согласност со законската регулатива. При тоа се врши |

стручна анализа и увид во изготвените глобални и тематски планови по наставни предмети. Во текот на една учебна година се врши посета на час на наставниците. При посетата на часот се прави увид во планирањата на наставниците, нивната усогласеност со наставниот план и програма, реалиазција на часот, примена на современи техники и методи и др. Сите опсервации се забележуваат во формулар и на тој начин наставниците добиваат увид во успешноста на часот. Поголемиот број на наставници планирањата ги изготвуваат на ниво на стручни активи по одделенија и наставни предмети со поддршка на стручната служба и директорот. Поддршката за подобрување се дава преку менторство на наставниците-приправници, директорот, стручната служба, како и преку организирање на обуки.

-Професионалниот развој на наставниците за примена на современи методи и техники на планирање на наставата се врши преку учество на наставниците на обуки организирани преку БРО, општината и други акредитирани обучувачи, како и интерни обуки организирани од страна на училиштето.

- Наставата по сите наставни предмети се реализира во пропишаниот обем, согласно утврден распоред на часови. Распоредот на часови го изготвува тим од наставници од училиштето, во консултации со директорот, стручната служба и наставниците. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети, изедначување на бројот на часови меѓу паралелките заради застапеноста на изборните предмети во редовната настава. Во случаи на отсуства на наставник наставта се одвива непречено со соодветен наставен кадар или со промена на распоредот на часови. Секогаш кога постои отсутен наставник во одделенска настава, се прави замена со друг соодветен наставник или стручната служба. Доколку има отсутен наставник во предметна настава тогаш одговорниот наставник за распоред на часови прави промена во распоредот со цел наставата да тече непречено.

- Изборните / слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето почитувајќи ги интересите на учениците, но и можносите на училиштето со наставен кадар и материјални услови. Процесот на понудување на слободни изборни активности преку анкетни прашалници го вршат предметните и одделенските наставници во соработка со педагогот и психологот на училиштето.

- Наставата се реализира во училници и кабинети со исполнетост на сите стандарди за простор и опременост. Сите училници и кабинети се опремени со Андроид телевизор, компјутер или Смарт табла. Најголем број од наставните часови се одвиваат со примена на ИКТ во наставата, голем број наставници применуваат современи методи и техники, различни форми на работа кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и слободно изразување. Поголемиот дел од наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите согласно индивидуалните образовни потреби на учениците. Тоа го постигнуваат со примена на различни наставни приоди и користење на сите достапни ресурси, како што се интернет алатки, дополнителна литература и слично.

- Во училиштето е воспоставена добра интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓу себе. Учениците се запознаени со целите на наставата и очекуваните исход.

- Во училиштето има инклузивен тим за секој ученик со попреченост во кој се вклучени наставниците кои му предаваат на ученикот, стручните соработници, доколку има и асистенти- образовен или личен и родителот кој е информиран, вклучен во изработката и реализацијата ИОП, модифицирана програма или диференцијација во наставата, во зависност од претходно доставен документ од страна на МКФ. Во училиштето има процедура за изработка и следење на ИОП, модифицирана програма или диференцијација во наставата.

- Училиштето склучува партнерство со училиште со друг наставен јазик со цел заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта, еднаквост, мир, соживот и толеранција со размена на културните и верските, како и образовните вредности. ТУИ се формира на почетокот на учебната година и го сочинуваат директор, стручна служба, одделенски и предметни наставници
-Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.
-Наставниците во училиштето го користат етничкиот кодекс за оценување на постигањата на учениците. Описното и бројчаното оценување се изведуваат по пат на формативно и сумативно оценување. Наставниците редовно ги оценуваат учениците и ги бележат нивните постигања, при што користат повеќе методи, техники и инструменти за оценување како што се тестови, контролни прашања, писмени работи, извештаи, портфолија, чек листи, бодовни листи. Најголем број од наставниците применуваат формативно оценување.
-Наставниците го запознаваат родителите и учениците со критериумите за оценување на родителски средби, индивидуални средби. Добиените повратни информации од следењето на оценување на учениците се користат за подобрување на оценувањето. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.
- Училиштето планира и реализира различни воннаставни активности во согласност со интересите и потребите на учениците од I до IX одд. Најголемиот број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност, без оглед на нивниот пол, етничката припадност и социјалното потекло.

-Голем број ученици учествуваат во натпревари (општински, регионални, државни, меѓународни). Учениците кои ќе учествуваат во натпревари се определуваат со организација на училишен натпревар, и оние кои ќе постигнат највисоки резултати на истиот продолжуваат понатаму, со менторска поддршка од страна на нивните наставници.

**Силни страни:**
*Во училиштето има пропишани и утврдени процедури за планирање, поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручните соработници;

*Голем број од учениците и родителите училиштето го доживуваат како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење;

*При реализација на наставата се користат различни ресурси за учење;

*Учениците учествуваат на голем број натпревари и постигнуваат одлични резултати;

* Учениците имаат можност да го развиваат критичкото мислење, слобода на изразување , поставување прашања и изведување заклучоци;

*При формативно и сумативно оценување се користат разни методи и форми, при што и формативното и сумативното оценување се јавни и транспарентни за учениците и родителите

| |
|---|
| |
| **Слаби страни:**<br>*Учениците не се вклучени во подготвувањето на програмите за вонnаставни активности.<br><br>*Училиштето не располага со асистивната технологија за развојот на учениците со потешкотии. |
| **Приритети**<br>*Активно вклучување на учениците во подготвувањето на програмите за вонnаставни активности.<br>* Набавување и вклучување на асистивната технологија за развојот на учениците со потешкотии. |

# ПОДРАЧЈЕ 2 *Постигања на учениците*

| **ПОДРАЧЈЕ 2** | ***Постигања на учениците*** |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | **Билјана Мицковска**<br>Викторија Г. Младеновска, Марина Н. Ристова, Сашо Јовановски, Соња Богатиновска, Сузана Спирковска, Еленора Лазаров,Павлинка Мијалова, Ирена Шехтанска, Даниел Божиновски, Ирена Рикаловска, Мимоза Митиќ, Велика Миленковска |

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| 2.1 Постигања на учениците<br>2.2 Мерки за подобрување на постигањата |

| **Бр.** | **Оддели во рамките на подрачјето** | **Теми:** |
|---|---|---|
| **2.1** | Постигања на | • Следење на постигања на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни |

| | | |
|---|---|---|
| | учениците | предмети и според квалификациони периоди<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост<br>• Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците |
| **2.2** | Мерки за подобрувања на постигањата | • Редовност во наставата<br>• Советување на родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава |



**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/ резиме на подрачјето**

Училиштето детално го следи успехот на учениците по периоди и прави детални анализи за неговото движење. Се прават споредбени анализи за промена на успехот по години, по одделенија, по пол, по предмети и за тоа се дискутира на наставничките совети со цел изнаоѓање начин на кој би се мотивирале учениците за лесно се идентификуваат учениците што имаат потешкотии во учењето, а исто така и талентираните и надарени ученици. Со овие два типа на ученици се работи со посебни методи така што наставните задачи на часовите се планираат според нивните потреби. Во текот на учебната година родителите 4 пати се известени за успехот на учениците со директно присуство на родителски средби. Процентот на родителите кои се известени за успехот на учениците со печатен евидентен лист е максимални 100% во двете последни учебни години. Електронскиот дневник се води редовно и уредно и преку електронскиот дневник голем дел од родителите се информираат за редовноста и постигањата на своето дете, приемни денови и секојдневни средби и разговори со родителите од одделенска настава. Може да се согледа дека во училиштето постојат и се користат повеќе можности за информирање на родителите за постигнатиот успех на учениците. Во однос на екстерните тестирања, извршено е само предтестирање, во кое училиштето е земено за пилот училиште. Училиштето ги идентификува учениците со тешкоитии во учењето и учениците со попречености, а потоа обезбедува соодветна континуирана поддрршка која им е потребна на соодветните групи ученици за да ги постигнат своите можности и потенцијали. Надарените ученици се идентификуваат, а со нив се работи преку додатната настава, воннаставните активности и натпревари. Редовноста на учениците систематски се следи во училиштето од страна на одделенските раководители, стручните соработници, наставничкиот совет. За редовноста на учениците родителите редовно се информираат, по потреба се одржуваат советодавни разговори со цел подобрување на редовноста на учениците**.** Може да се констатира дека редовноста на учениците во нашето училиште е на многу добро ниво. Има повеќе оправдани отсуства и незначаен број на неоправдани отсуства. Главна причина за отсуствата е болест. Просечниот број на изостаноци по ученик помеѓу две интегрални евалуации е помал од 5 има отстапување од 0,7. Советувањата на родителите и учениците се извршуваат согласно Законот за основно образование а за реализираните советувања училиштето поседува уредна документација. Родители на советување се повикуваат во случаи кога нивните деца имаат слаб успех односно по три и повеќе слаби оценки или ако покажуваат несоодветно однесување. Секое советување се врши со водење на записник, теми на разговор и дадени препораки и совети за надминување на проблемот. Во најголем дел советувањата вродуваат со плод и има подобрување на постигањата, редовноста или однесувањето на учениците. За подобрување на резултатите на оние ученици што покажуваат послаби резултати од очекуваните

се организира дополнителна настава, а за талентираните и надарени ученици додатна настава. Се изготвува месечен распоред по предмети и одделенија за одржување на дополнителна и додатна настава кој се истакнува на видно место во училишниот хол (огласна табла) и може секој ученик да се запознае со термините за овие активности. На овие часови се избираат содржини кои учениците не успеале доволно да ги совладаат на редовните часови и се работи со примена на методи со кои учениците полесно ќе ги совладаат основните работи со што ќе можат и сами без тешкотија да ја следат наставата. На часовите од додатна настава учениците се збогатуваат со знаења што се надвор од редовната настава и се во домен на нивното интересирање и возраст што им служи како припрема за натпреварите на кои учествуваат од различен ранг и вид.

**Силни страни**

- ✓ Училиштето редовно ги следи постигањата на учениците во сите предмети и квалификациски периоди.
- ✓ Наставниците користат разработени критериуми и инструменти за следење и оценување на успехот, што овозможува прецизна евалуација на напредокот на учениците.
- ✓ Се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби, надарени и талентирани ученици, и истите добиваат соодветна поддршка преку индивидуални образовни програми (ИОП) и дополнителна и додатна настава.
- ✓ Училиштето има систематски пристап за информирање на родителите за постигањата и редовноста на учениците, преку родителски средби, евидентни листови и информативни (приемни) денови.
- ✓ Постои континуирана соработка со стручните соработници, родителите, и релевантни институции како Заводот за ментално здравје и Комисијата за Меѓународна класификација на функционалности, МТСП, центри за социјална работа, Центар за јавно здравје, локална самоуправа.
- ✓ Во училиштето постои ефективна соработка помеѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските и предметните наставници и родителите за постигањата на учениците;
- ✓ Родителите постојано добиваат совети за подобрување на успехот и поведениeто на учениците;
- ✓ Стручната служба спроведува голем број советувања на родители и ученици (квартално на крајот на секое тримесечје) по три основи нередовно посетување на настава, намален успех на ученици и несоодветно однесување;
- ✓ Индивидуална работа на стручната служба со учениците кои имаат потешкотии во учењето

**Слаби страни**

-Резултатите добиени на државното тестирање, студиите/извештаите за резултатите од меѓународни оценувања се прибираат, но не се анализирани.

-Училиштето има развиено систем и интерни акти за идентификување на надарени ученици но сепак треба да се усовршат инструментите за идентификација во согласност со дадени критериуми од страна на соодветни стручни лица и соодветна институција (БРО, МОН).

**Приритети**

-Анализирање на добиените резултати од државното тестирање

-Зголемена соработка со соодветни стручни лица, институции и креирање постапки и верификувани инструменти за идентификување на надарени и талентирани ученици.

# ПОДРАЧЈЕ 3 *Училишна клима и односи во училиштето*

| **ПОДРАЧЈЕ 3** | **Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | **Елена Бендовска**<br>Гордана Стојковска, Драгица Неделковска, Александра Б.Спасовска, Бетка Спасовска, Анета Кирковска, Васа Трајчевска, Илинка Димовска, Даниела Јовановска, Даниела Долевска, Ивана Велевска, Маја Арсовска, Емилија Стефановска, Снежана Цоневска, Анета Велковска, Валентина Кенковска, Лидија Илијовска. |

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| 3.1 Училишна клима<br>3.2 Еднаквост и правичност<br>3.3 Партнерски односи со заедницата<br>3.4 Севкупна грижа за учениците |

| **Бр.** | **Оддели во рамките на подрачјето** | **Теми:** |
|---|---|---|
| **3.1** | **Училишна клима** | • Углед, имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| **3.2** | **Еднаквост и правичност** | • Познавање и почитување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици |
| **3.3** | **Партнерски однос со заедницата** | • Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>• Соработка со општината и со урбаната заедница |
| **3.4** | **Севкупна грижа за учениците** | • Превенција и заштита од насилство<br>• Заштита од пушење,алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците<br>• Давање помош при изборот за продолжување на образованието |



## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Опис/ резиме на подрачјето**

Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигнувања на учениците во многу области. Наставниците и учениците се вклучени во многу проекти. Учениците и наставниците имаат стекнато многу награди и признанија на локално, државно и меѓународно ниво. Училиштето спроведува вonнаставни активности по кои е препознатливо. Во 2025 година се стекна со плакета за еТвининг училиште. Успешно спроведува МИО активности. Училиштето, обезбедува успешно медиумско претставување. Во нашето училиште постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените. Вработените редовно се информираат за преземените активности од страна на директорот и учествуваат во процесот на донесување одлуки. Постои одлична соработка меѓу наставниците и учениците преку која може да се согледа состојбата, условите и климата за работа, резултатите, успесите и предизвиците. Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка. Учениците со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии постојано добиваат помош и поддршка. Постои меѓусебна соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини. Се превземаат иницијативи за организирање на активности за помош и поддршка на ученици од социјално ранлива категорија и друг вид на проблеми. Постои соработка во идентификување на деца со ПОП, емоционални и други потешкотии. За време на часовите се превземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа.  Наставниците даваат поддршка при решавање на конфликтни ситуации. За подобрување на успехот, редовноста и дисциплината се организираат советувања за учениците. На транспарентен и демократски начин се врши изборот на претставниците во ученичката заедница. Членовите од Училишниот парламент кои се избрани како претставници за учество на состаноците на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Советот на родители, редовно присуствуваат на истите. Од страна на наставниците се даваат конструктивни предлози за подобрување на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците се доволно мотивирани за да учествуваат на разновидни натпревари. Учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето. Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка. За почитување на различностите се организираат трибини, работилници и други активности. Училиштето има потпишано меморандум за соработка и збратимување со други училишта од РС.М. и надвор од неа. Се остварува соработка со наставници од други училишта/други општини во Р.С.М. или училишта од други држави. Учениците се безбедни во училиштето. Родителите сметаат дека учениците со задоволство доаѓаат на училиште и со интерес ја следат наставата. Постои континуирана соработка со релевантните институции (МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ). Се остварува соработка со локалната средина преку аплицирање за проекти значајни за подобрување на условите за работа на училиштето. Постои соработка со јавни установи во области од нивни домен. Градоначалникот и Советот на општината донесуваат одлуки во насока на подобрување на начинот и условите на работа на нашето училиште (изградба на нови училници, сензорна соба, опремување и реновирање на санитарните чворови). Соработка со граѓански здруженија и донатори се остварува со реализација на одредени проекти, акции и слично. Училиштето остварува соработка со бизнис секторот. Преку организирани предавања, трибини и извршени проекти учениците се запознаваат со одредени дејности од бизнис секторот. Во училиштето се реализираат голем број работилници со теми поврзани со заштита од

| |
|---|
| пушење, алкохол и дрога од страна на наставиците, како и работилници од страна на педагогот и психологот на училиштето. Во училиштето се организира исхрана за потребите на учениците кои се во продолжен престој. Процесот на професионална ориентација во нашето училиште се спроведува согласно Програмата за професионална ориентација во текот на учебната година и трае скоро цела учебна година. Во овој процес опфатени се учениците од деветo одделение. Во процесот на професионална ориентација вклучени се училишниот психолог и педагог, раководители на пралелките од девето одделение, а по потреба се вклучуваат и предметни наставници, како и специјалален едукатор и рехабилитатор. |
| **Силни страни:**<br>• Училиштето има веб страна и facebook профил со што обезбедува информациите на сите аспекти од работата да бидат достапни за родителите и учениците;<br>• Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигнувања на учениците со стекнати награди и признанија на локално, државно и меѓународно ниво;<br>• Училиштето има Кодекс на однесување на учениците, наставниот кадар и родителите кој редовно се ажурира;<br>• Во училиштето владее позитивна и поттикнувачка атмосфера за работа;<br>• Соработка со локалната средина и со родителите е отворена и постојана;<br>• Училиштето е инклузивно и се грижи за здравјето, добросостојбата и емоционалната состојба на сите ученици;<br>• Стручните соработници во училиштето вршат професионална ориентација на учениците од девето одделение;<br>• Во училиштето постои добра интеракција помеѓу наставниците и учениците меѓусебно;<br>• Има организирана исхрана за учениците кои посетуваат продолжен престој;<br>• Вработените во училиштето ги почитуваат правата на децата;<br>• Наставниците, стручната служба и директорот ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата при насилство применувајќи ги сите протоколи за превенција на насилство и постапување во случај на насилство;<br>• Училиштето се грижи за менталното здравје на учениците. |
| **Слаби страни:**<br>• Недоволен број на иницијативи од страна на Ученичкиот парламент за граѓански активизам и акции од општествено - хуманитарен карактер.<br>• Согласно прашалиците за родители и ученици како слаба страна се истакнува ниското ниво на хигиена во училиштето.<br>• Во училиштето не е извршена симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и други опасности, иако е формиран тим за итни интервенции. |
| **Приритети**<br>• Поттикнување на Ученичкиот парлемент за предлагање на инцјативи значајни за добросостојбата на учениците.<br>• Зголемување на бројот на техничкиот кадар со цел подобрување на хигиената.<br>• Спроведување на вежби/ симулации на елементарни непогоди за евакуација на учениците од училишната зграда. |

## **ПОДРАЧЈЕ 4** ***Управување, раководење и креирање политики***

| **ПОДРАЧЈЕ 4** | **Управување, раководење и креирање политики** |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | **Наташа Лосковска**<br>Ирена Наумовска, Емилија Наумовски, Антониета Ѓорѓиевска, Зоран Костадинов, Николче Зиков, Елена Трајковска, Маја Михаиловска, Марко Јачев, Лилјана Николиќ, Лидија Христова. |

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| 4.1 Управување и раководење со училиштето<br>4.2 Цели и креирање на училишна политика |

| **Бр.** | **Оддели во рамките на подрачјето** | **Теми:** |
|---|---|---|
| **4.1** | **Управување и раководење со училиштето** | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>- Управување и раководење со ресурсите<br>- Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес |
| **4.2** | **Цели и креирање на училишна политика** | • Процедури за креирање на училишна политика<br>• Резултати од развојното планирање<br>• Планирање и управување со училишен буџет |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| |
|---|
| **Опис/ резиме на подрачјето**<br>Училиштето располага со квалификуван наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, односно по сите наставни предмети, при што сите вработени имаат соодветно образование.<br>Стручните соработници – педагог, психолог, дефектолог и библиотекар – работат според своите програми и се активно вклучени во воспитно-образовниот процес, обезбедувајќи поддршка на наставниците, учениците и нивните родители.<br>Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните индивидуални развојни планови. Училиштето организира и ги вклучува вработените во интерни и екстерни обуки, со цел непречено следење на образовните реформи и современите образовни текови. Професионалните досиеја на наставниот кадар и стручните соработници се постојано ажурирани, и постојано се надополнуваат со следените интерни и екстерни обуки, како и планираните компетенции за идниот развој.<br>Соработката и комуникацијата помеѓу директорот и вработените е на професионално ниво.<br>Советот на родители редовно ги информира родителите за резултатите што треба да се постигнат во следниот период.<br>Училишниот одбор работи согласно Деловникот за работа и состаноците се одржуваат со мнозинство на членови, а право на присуство имаат и двајца претставници од ученичкиот парламент, но без право на глас. Соработката помеѓу директорот и училиштниот одбор е на професионално ниво, со навремено информирање и редовни состаноци.<br>Градењето политики, планирањето и обезбедувањето квалитет во училиштето се остварува преку воспоставување партнерства со локалната и деловната средина, како и со граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи и активно го поддржува учеството на наставниците во меѓународни проекти.<br>Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за очекуваните резултати и динамиката на нивно остварување. Постојат акциски планови за постигнување на поставените цели. |
| **Силни страни:**<br>• Училиштето има вработено наставен кадар за реализација на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети, при што сите наставници поседуваат соодветно образование согласно со нормативите за наставен кадар.<br>• Училиштето има тим од стручни соработници во состав: педагог, психолог, дефектолог и библиотекар.<br>• Се изготвува Програма за професионален развој која се базира на основните професионални компетенции за наставници, со што се поттикнува постојаното стручно усовршување.<br>• Директорот одржува добри односи, отворена комуникација и конструктивна соработка со сите вработени.<br>• Раководниот орган обезбедува соодветни услови за непречена реализација на воспитно-образовниот процес.<br>• Повеќето претставници од Советот на родители ги информираат родителите за резултатите што треба да се постигнат во наредниот период.<br>• Училишниот одбор е конституиран во согласност со Законот за основно образование, има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и работи согласно со Деловникот за работа. |
| **Слаби страни:**<br>• Не постои воспоставена редовна практика за јавно објавување на заклучоците од седниците на училишниот одбор.<br>• Не се планирани и реализирани обуки за членовите на УО. |

- Во однос на дисеминацијата се врши делумно пренесување на содржините од базичните обуки на наставниците.
- Нема воспоставени внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците.
- Евиденцијата во училишната библиотека се води рачно, не електронски.

**Приритети:**

- Воспоставување редовна практика за јавно објавување на заклучоците од седниците на училишниот одбор
- Организирање обуки за членовите на УО;
- Редовно вршење на дисеминација од базичните обуки на наставниците
- Воспоставување практика за оддавање признанија и мотивација на кадарот и еднакви можности за тоа;
- Обезбедување средства за потрошен материјал за реализација на наставата и вонннаставните активности;
- Водење електронска евиденција во училишната библиотека;

**Комисија за спроведување на самоевалуацијата**

Директор: доц. д-р Горанчо Јакимов
Жаклина Стојановска (педагог)
Весна Бошковска (одделенски наставник)
Велика Миленковска (дефектолог)
Марина Атанасовска (одделески  наставник)
Марина Н.Ристовска ( предметен наствник) техничка подршка
Катерина Илиевска Силјановска (член од Совет на родители)
:

Директор:

доц. д-р Горанчо Јакимов